# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

| Година 20 број 9 | Чешиново-Облешево 06.07.2024 година | Излегува по потреба |
|---|---|---|


Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1013/1
05.07.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година**

Член 1

Во Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година бр.08-1914/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023) во глава Организирање на Илинденски Спортски Игри – Чешиново, став: Обезбедување на финансиски средства за награди и тоа, алинеа Фудбал 1 место, 100.000,00 денари се заменува со 120.000,00 денари.

Во останатиот дел Програмата не се менува.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1000/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД**

**„Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1012/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), а во согласност со Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2024 година бр.09-1915/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево**

Член 1

Се одобрува трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево до ЈПКД „Облешево“ , за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2024 година и тоа:

1.Работно ангажирање на сезонски работници – општи работници, во зависност од потребата, од 5 (пет) до 7 (седум) лица.

2.Месечниот надоместок за работниците од точка 1 на овој член ќе биде утврден во Договорот за нивно времено ангажирање кој истите ќе го склучат со ЈПКД „Облешево“, а трансферот на средства од општината ќе биде по доставени месечни ситуации од страна на Јавното Претпријатие.

3.Месечниот надоместок за едно ангажирано лице ќе изнесува 22.500,00 денари нето приход (дваесет и две илјади и петстотини денари), плус пресметан персонален данок и осигурување во случај на повреда при работа.

Член 2

Работното ангажирање на работниците од член 1 на оваа Одлука ќе трае во зависност од потребите за извршување на јавни работи, најмалку 1 (еден) месец но не повеќе од 6 (шест) месеци.

Член 3

Работата која ќе ја извршуваат работниците од член 1 на оваа Одлука ќе се одвива по претходно дефиниран неделен план за работа.

За извршените работи ќе бидат доставувани месечни информации за видот и обемот на извршените работи.

ЈПКД „Облешево“ ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски со ангажираните работници.

Член 4

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, а ќе бидат исплаќани на сметка на Јавното Претпријатие по претходно доставени ситуации за извршени работи.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-999/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за период јануари - мај 2024 година**

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за период јануари - мај 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1014/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за период јануари - мај 2024 година**

I

Се усвојува Информацијата за работа на пазарот во Облешево за период јануари - мај 2024 година, изготвена од страна на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-997/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период јануари - мај 2024 година**

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период јануари - мај 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1015/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период јануари - мај 2024 година**

I

Се усвојува Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период јануари - мај 2024 година, изготвена од страна на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-998/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1010/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, точка 1, алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево**

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Климент Охридски“ Облешево, за 2025 година, бр.01-217/1 од 25.06.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во

Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-996/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци**

1.Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1009/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, точка 1, алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци**

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци, за 2025 година, бр.01-282/1 од 20.06.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-995/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2024 година**

1.Ја прогласувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Програмата да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1011/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19) и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на Општина Чешиново-Облешево на седница оддржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Во програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2024 година бр.08-1909/1 од 14.11.2023 година (Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023 ) во глава VI.ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА во подглава „ Висина на надоместок на локации во сопственост на граганите“ се додава Точка Е која гласи:

„- Виќенд куќите надвор од опфат на населените места односно надвор од опфат на урбанистички план, ќе имаат понизок степен на уреденост, а надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 50евра/м2 н.к.п., во денарска протоввредност“

Во точка 6 „За објектите од групата на класа на намени Б5-угостителски и туристички комплекси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на на намени А4-хотел,мотел, планинарски дом и ловен дом“, се додава алинеа која гласи:

„ - За објекти со намена А4.3- Виќенд куќи-сите простории со 0,05“

Измените и дополнувањата на Програмата влегува во сила од денот на нејзиното донесување, и истата ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Чешиново-Облешево“

Бр.08-994/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци**

1.Ја прогласувам Одлуката за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1007/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019) и Програмата за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево за 2024 година бр.08-1916/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/23), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци**

Член 1

Се одобруват 6.000,00 денари (шест илјади) како парична награда за ученик на генерацијата во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година, на ученикот Ангела Спасова од 9а одделение.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатата на сметка на нејзината мајка Елизабета Спасова.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-993/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1008/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019) и Програмата за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево за 2024 година бр.08-1916/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/23), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата**

**2023/2024 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево**

Член 1

Се одобруват 6.000,00 денари (шест илјади) како парична награда за ученик на генерацијата во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година, на ученикот Матеј Стоименов од 9а одделение.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатата на сметка на неговата мајка Емилија Стоименова.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-992/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2024/2025 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2024/2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1005/1
05.07.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 53 точка 5 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2024/2025 година**

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2024/2025 година, а врз основа на писмен преглед на паралелки изготвен од страна на училиштето.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-990/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110**

1.Ја прогласувам Одлуката за исплата на финансиски средства од Програма А0, конто 413110, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1006/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110**

Член 1

Во согласност со Записникот од увид на лице место бр.03-1066/1 од 17.06.2023 година, на „Техно Кул К-Клара 2023“ Дооел Теранци да се исплатат средства како надомест за ангажирање на градежна машина за интервенција за спречување на штети од поплави на ден 22.05.2024 година во с.Уларци.

Член 2

Средствата да се исплатат од Програма А0 - Совет на општина, конто 413110-Тековни резерви, а по доставена фактура од „Техно Кул К-Клара 2023“ Дооел Теранци.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-991/1 Совет на
05.07.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево**

1.Ја прогласувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1016/1 Општина Чешиново-Облешево
05.07.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 201 и 202 од Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево бр.01-308/1 од 02.06.2006 година („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.5/2006), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на иницијатива за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево**

Член 1

Се прифаќа иницијативата за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево бр.01-308/1 од 02.06.2006 година („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.5/2006).

Член 2

Да се формира Комисија за Деловник која ќе изготви нацрт на Одлука за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево имајќи го во предвид Решението на Уставниот суд на РСМ бр. У бр.68/2024 од 09.04.2024 година („Службен весник на РСМ“ бр.111/2024).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1003/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање на Црковен одбор во с.Спанчево**

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Барање на Црковен одбор во с.Спанчево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1017/1
05.07.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Барање на Црковен одбор во с.Спанчево**

Член 1

Се усвојува барањето на Црковен одбор од с.Спанчево за материјална помош во набавка на самоносечки кабел 2х16 во должина од 300м како и стеги за прицврстување на кабелот, за довод на ЕЕ до Манастирот св.Илија во с.Спанчево.

Член 2

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1001/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата финансиската состојбата во ЈПКД „Облешево“ во врска со цените на услугите на Јавното Претпријатие**

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за финансиската состојбата во ЈПКД „Облешево“ во врска со цените на услугите на Јавното Претпријатие, што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1019/1
05.07.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за финансиската состојбата во ЈПКД „Облешево“ во врска со цените на услугите на Јавното Претпријатие**

I

Се усвојува Информацијата за финансиската состојбата во ЈПКД „Облешево“ во врска со цените на услугите на Јавното Претпријатие, изготвена од страна на директорот на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-10021/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за измена на Одлуката за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1021/1
05.07.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, став 1, алинеја 3 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024‘ год., донесе:

**О Д Л У К А**
**За измена на Одлуката за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година**

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на измената на Годишниот план за вработување на општина Чешиново-Облешево за 2024 година и за обезбедени финансиски средства за планираните 20 (дваесет) нови вработувања и планираните 05 (пет) унапредувања/распоредувања, во општинската администрација за 2024 година.“

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1020/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2024 година**

1.Ја прогласувам Одлуката за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1019/1
05.07.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година бр.08-1914/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.06.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2024 година**

Член 1

Се одобруват 370.000,00 денари (триста и седумдест илјади денари) од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024

година за организација и реализација на ИСИ Чешиново 2024 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе бидат наменети за:

**- Техничка организација** ( озвучување на официјалното отварање и финалето на игрите, подготовка на теренот).

- ангажирање на две лица надворешни соработници за организирање на игрите.

- изготвување на покани, благодарници, дипломи и сл.

- набавка на топки, мрежи, пехари, медали и сл.

**Обезбедување на финансиски средства за награди и тоа :**

Фудбал 1 место ..... 120.000,00денари
Фудбал 2 место ..... 50.000,00денари

Член 3

Средствата се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година во Програмата ЛО спорт и АО општинска администрација.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1004/1
05.07.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година..... 1

2.ОДЛУКА за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево..... 1

4.ОДЛУКА за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево..... 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за период јануари - мај 2024 година..... 3

6.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за период јануари - мај 2024 година..... 3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период јануари - мај 2024 година..... 3

8.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период јануари - мај 2024 година..... 4

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево..... 4

10.ОДЛУКА за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево..... 4

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци..... 5

12.ОДЛУКА за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци..... 5
13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 5
14.ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ЗА 2024 ГОДИНА..... 6
15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци..... 6
16.ОДЛУКА за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци..... 7
17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево..... 7
18.ОДЛУКА за доделување на парична награда за прогласување на ученик на генерацијата 2023/2024 година во ООУ „Климент Охридски“ Облешево..... 7
19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2024/2025 година..... 8
20.ОДЛУКА за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2024/2025 година..... 8
21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110..... 9
22.ОДЛУКА за исплата на финансиски средства од Програма А0 , конто 413110..... 9
23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево..... 9
24.ОДЛУКА за прифаќање на иницијатива за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево..... 10
25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барање на Црковен одбор во с.Спанчево..... 10
26.ОДЛУКА за усвојување на Барање на Црковен одбор во с.Спанчево..... 10
27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата финансиската состојбата во ЈПКД „Облешево“ во врска со цените на услугите на Јавното Претпријатие..... 11
28.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за финансиската состојбата во ЈПКД „Облешево“ во врска со цените на услугите на Јавното Претпријатие..... 11
29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година..... 11
30.ОДЛУКА за измена на Одлуката за давање Согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година..... 12
31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2024 година..... 12
32.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2024 година..... 12
33.СОДРЖИНА..... 12